Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2027 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk** со назнака **Иницијатива за ГПРВ 2027** до **15.09.2026 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: Finance Think – Институт за економски истражувања и политики

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар):

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Фредерик Шопен ½, 1000 Скопје

Застапник: Благица Петрески

Веб страница: www.financethink.mk

Електронска пошта (e-mail): info@financethink.mk

Телефонски број за контакт: 078 361 727

Лице за контакт: Благица Петрески

**Предлог- иницијатива**

**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2027 година**

**Наслов на иницијативата: Зголемување на ефикасноста, транспарентноста и развојната ориентација на државната помош**

**Стратешки приоритет:** (поврзаност со стратешки приоритет на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 https://vlada.mk/strateshki-prioriteti?ln=mk)

Обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните, преку поефикасно и потранспарентно користење на јавните средства.

**НППА:** (поврзаност со пристапни партнерства и соодветна идентификација на поглавје и подрачје https://mep.gov.mk/mk-MK/eu-integracii/nacionalnata-programa-za-usvojuvanje-na-pravoto-na-eu)

Поглавје 3.08 – Политика на конкуренција: Државна помош. Поврзаност со обврските за усогласување на националната рамка за државна помош со правото на ЕУ, зајакнување на институционалниот капацитет за контрола и мониторинг на државната помош и обезбедување транспарентно и ефикасно спроведување на правилата.

**Образложение:** (опис на состојбите, причини за проблемите кои се предмет на разгледување, цел на предлогот, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт)

Државната помош е значаен инструмент на економската политика, но нејзиниот економски ефект не зависи само од вкупниот износ на доделени средства, туку од нејзината структура, таргет, транспарентност и начин на следење на резултатите. Во земјава, вкупната државна помош се зголемила од 23 на 53 милиони евра (2018 до 2024), додека помошта насочена кон инвестиции и конкурентност повеќе од тројно се зголемила во истиот период. Истовремено, гранотивите пораснале од 11 на 40 милиони евра, а даночните ослободувања од 4.5 на 6 милиони евра. И покрај зголемувањето, сеуште постои недоволна транспарентност и капацитети за контрола и спроведување на правилата за државна помош. Дополнитено, иако преовладува хоризонтална ориентација на државната помош, постои простор за подобро таргетирање на инструментите кон конкретни пазарни неуспеси и кон остварување на јасно дефинирани резултати.

Овие промени укажуваат на потребата државната помош да се насочува кон мерливи развојни ефекти, особено кон зголемување на продуктивноста, технолошко унапредување, истражување и развој, иновации и зелена трансформација. Оттука, иницијативата предлага подобрување на ефикасноста, транспарентноста и развојната ориентација на државната помош преку воспоставување систем за редовно следење и ex-post оцена на резултатите од поголемите шеми, подобрување на јавната достапност на податоците за корисниците и износите на помошта и постепено насочување на поддршката кон продуктивни инвестиции, иновации, истражување и развој и зелена трансформација.

Конкретно, иницијативата ги предлага следните мерки:

1. Воведување задолжителна евалуација на поголемите шеми

   За секоја шема над определен финансиски праг, давателот да подготви извештај за реализираните ефекти најдоцна 12 месеци по завршување на истата. Извештајот да вклучува влијание на помошта најмалку врз: број на нови работни места, реализирани инвестиции, промена на продуктивноста, извоз, вложувања во иновации и енергетска ефикасност.

2. Воспоставување единствен јавен регистар на корисници на државна помоп

   Да се воспостави база во која за секоја доделена помош ќе се објавуваат информации за корисникот, давателот, износ, правна основа/шема, инструмент, цел на помошта, тип, очекуван резултат и реализиран резултат.

3. Воведување индикатори за мерење на постигнувањата

При дизајн на шема за државна помош, покрај износот на средства, однапред да се дефинираат мерливи резултати, со цел помошта да се поврзува со резултати а не со потрошени средства.

4. Пренасочување на дел од инвестиционата државна помош кон продуктивност, иновации и истражување

Бидејќи инвестиционата помош е повеќе од тројно зголемена во периодот 2018-2024, потребно е дел од оваа поддршка да биде условена со технолошко унапредување и раст на продуктивноста, а не само со обем на инвестицијата. Потребно е воведување на ваучери за иновации, кофинансирање на истражувања, воведување нови технологии, дигитализација на производството.

5. Воведување „зелен услов“ во релевантни шеми на државна помош

Кај шеми за инвестиции во производствениот сектор да се воведат критериуми за енергетска ефикасност, намалена потрошувачка на енергија, обновливи извори, намалување на отпад и емисии. Проектите да добиваат повисока поддршка или дополнителни бодови.

**Надлежен орган на државната управа:** (надлежно министерство за спроведување на иницијативата)

Комисија за заштита на конкуренцијата во соработка со Министерство за финансии и сите институции даватели на државна помош.

**Очекувани влијанија:** (економски влијанија, социјални влијанија, влијанија врз животната средина, административни влијанија и трошоци)

Економски влијанија: Иницијативата ќе придонесе кон поефикасно користење на јавните средства преку наосчување на државната помош кон мерки со јасно дефинирани и мерливи економски резултати. Евалуацијата на дадената помош и воведувањето индикатори ќе овозможат мерење на ефектите врз инвестициите, вработеноста, продуктивноста, извозот и сл. Поголемата ориентација кон продуктивни инвестиции, технолошко унапредување и иновации се очекува да придонесе кон зголемување на конкурентноста на домашните компании и подобро насочување на помошта кон идентификувани пазарни неуспеси.

Социјални влијанија: Подобрата ефикасност на државната помош може да придонесе кон создавање и одржување на поквалитетни работни места, особено преку шеми кои поддржуваат развој на вештини и технолошка модернизација. Поголемата транспарентност ќе овозможи јавноста и засегнатите страни полесно да следат кој ја користи државната поддршка и какви резултати се постигнуваат.

Влијанија врз животната средина: Воведувањето критериуми поврзани со енергетска ефикаснот, намалување на потрошувачката на енергија, отпад, емисии и користење чисти технологии во одредени шеми за државна помош ќе поттикне поголема поддршка на зелени инвестиции.

Административни влијанија: Иницијативата ќе бара дополнителен ангажман од институциите надлежни за доделување и контрола на државната помош, особено за воспоставување на систем за собирање податоци, евалуација и следење на резултатите. Се очекува зголемена потреба од дополнителни административни ресурси за развој и одржување на јавен регистар и извештај за ефикасноста на државната помош. Во исто време, дигитализацијата и стандардизацијата на податоците може да го намалат административниот товар на долг рок и да ја подобрат координацијата меѓу институциите.

**Финансиски импликации:** (доколку иницијативата има финансиски импликации, се наведува дали се обезбедени потребните средства и од кои извори)

Иницијативата не подразбира зголемување на буџетот за државна помош, туку подобро таргетирање, пренасочување кон мерливи резултати и подобрување на транспарентноста. Дополнителни трошоци би се однесувале на воспоставување на системи за мониторинг, евалуација и транспарентност.

**Прилози** (се наведува насловот и авторот, со линк до документот доколку е достапен електронски)

Финанце Тхинк (2026) Бриф за политиките бр. 81 – Променлива архитектура на државната помош во Западен Балкан. Достапен на https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2026/07/Brief_StateAid_81.pdf

Финанце Тхинк (2024) Студија за политиките бр. 54 – Зајакнување на економиите од Западен Балкан: Атрактивност и транспарентност на државната помош во регионот. Достапна на https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2024/12/Empowering-Western-Balkans-Economies-State-Aid-Incentives-and-Transparency-in-the-Region.pdf

Потпис на застапникот

10.09.2026 година

Здружение на граѓани - Институт за економски истражувања и политики
FINANCETHINK
ФИНАНЦЕ ТХИНК
Скопје